АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

# Пазарот на осигурување во Република Северна Македонија во првиот квартал од 2019 година

Во првиот квартал на 2019 година (1К2019) дојде до преземање на друштвото за неживотно осигурување Нова осигурување АД Скопје од страна на Халк банка АД Скопје, дел од турската финансиска групацијата која во своето портфолио исто така поседува друштвото за осигурување. По преземањето друштвото работи под ново име Халк осигурување АД Скопје.

Исто така, на 27.5.2019 година Агенцијата за супервизија на осигурување одобри уште едно преземање на друштво за неживотно осигурување. Станува збор за друштвото за осигурување Еуросиг АД Скопје кое ќе биде преземено од австриската осигурителна групација ГРАВЕ.

На двете преземања гледаме како признание за постоење функционален пазар на осигурување и истовремено како на позитивен тренд, со оглед на тоа што на домашниот пазар се привлечени осигурителни групации со голема традиција, што подразбира подобри осигурителни услуги за граѓаните и стопанството.

Инаку, заклучно со првиот квартал на 2019 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, додека 5 осигурување на живот.

Исто така, на пазарот на осигурување делуваат 35 осигурително брокерски друштва, 10 друштвата за застапување во осигурување и 5 деловни банки кои делуваат како застапници во осигурување. Во однос на претходниот квартал бројот на овие субјекти остана непроменет.

Во 1К2019 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 2,48 милијарди денари, што претставува пораст од 5,36% во однос на БПП остварена во истиот период во минатата година (1К2018: 2,40 милијарди денари).

**Во делот за неживотно осигурување** остварена е БПП во износ од 2,09 милијарди денари (1К2018: 2,03 милијарди денари) што претставува зголемување од 2,58% во споредба со 1К2018 година. Додека пак, бројот на склучени договори изнесува 313.335, што претставува пораст од 12,5% во

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

споредба со 1К2018 година. Најзначајно учество, традиционално кај неживотното осигурување има осигурувањето од автоодговорност со 43,42% од БПП, па потоа следи осигурувањето на имот со 21,84% од БПП.

Кај осигурувањето од автомобилска одговорност се забележува пораст од 1,19% со БПП од 906,24 милиони денари во однос на првиот квартал од 2018 година (1К2018: 895,55 милиони денари).

Кај осигурувањето на имот се забележува пад од 5,83% со БПП од 455,76 милиони денари (1К2018: 484 милиони денари), при пораст на бројот на склучени договори од 26,39%. Одделено по групи на осигурување на имот, кај физичките лица има пораст од 33,55% на бројот на склучени договори, а БПП е зголемена за 89,98%. Бројот на договори кај правните лица бележи зголемување од 8,23%, додека кај БПП се забележува пад од 21,78%.

Кај земјоделско осигурување, како дел од осигурувањето на имот, се забележува голем пораст од 216,69% со БПП од 80,9 милиони денари (1К2018: 25,5 милиони денари), со склучени 523 договори што претставува пораст од 82,9% (1К2018: 286)

Порастот во делот на неживотното осигурување исто така се должи на порастот на другите класи на осигурување, како што се здравствено осигурување со 30,60% со БПП од 100,74 милиони денари (1К2018: 69,91 милиони денари), каско осигурувањето на моторни возила со зголемување од 14,77% и БПП од 226,17 милиони (1К2018: 192,77 милиони денари), патничкото осигурување од 9,26% со БПП 41,36 милиони денари (1К2018: 37,53 милиони денари), осигурувањето од незгода со 9,05% со БПП од 231,86 милиони денари (1К2018: 210,88 милиони денари), при истовремен пораст на бројот на склучени договори од 19,19%.

**Во делот на осигурување на живот**, продолжува двоцифрената стапка на пораст на БПП и во 1К2018 година и таа изнесува 22,7%, при што остварената БПП изнесува 399,39 милиони денари (1К2018: 325,53 милиони денари).

Најголемо учество во осигурувањето на живот зазема **традиционалното осигурување на живот** со вкупна БПП од 354,94 милиони денари, со 88,87% од вкупното осигурување на живот и бележи раст од 17,29% во однос на 1К2018 (БПП: 293,59 милијарди денари). Во оваа класа најголемо учество има мешаното осигурување со вкупна БПП од 167 милиони денари, што

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

претставува 41,91% од вкупното осигурување на живот, потоа следува мешаното осигурување со тешко болна состојба (ТБС) со вкупна БПП од 46 милиони денари, што претставува 11,58% од вкупното осигурување на живот, потоа следи ризико осигурување со вкупна БПП од 89 милиони денари, што претставува 22,16% од вкупното осигурување на живот, осигурувањето на живот во случај на доживување со 28 милиони денари, што претставува 7,23% од вкупното осигурување на живот и осигурување на живот од смрт (доживотно) со 686 илјади денари односно 0,17% од вкупното осигурување на живот. Дополнителното осигурување во осигурувањето на живот учествува со БПП од 28 милиони денари, што претставува 5,81% од вкупното осигурување на живот и бележи раст од 2,52% во однос на 1К2018.

Во понудата на производи на осигурување на живот сè позастапено е осигурувањето на живот кога **инвестицискиот ризик е на товар на осигуреникот**, меѓународно познато како unit linked осигурување кое во вкупното осигурување на живот учествува со 11,02%. Во 1К2019 година беа склучени 473 договори (1К2018: 495) , што претставува 7,37% од вкупниот број на склучени договори за осигурување на живот во периодот, додека пак вкупната БПП во периодот изнесува 44 милиони денари, што претставува пораст од 37,78% во однос на истиот период од минатата година (1К2018: 32 милиони денари).

Друштвата за осигурување во 1К2019 година **исплатиле бруто износ на штети** од 958,6 милиони денари и во споредба со 1К2018 година бруто исплатените штети бележат пораст од 3,07% (1К2018: 929,1 милиони денари). При тоа, друштвата за неживотно осигурување исплатиле 871,3 милиони денари и во споредба со 1К2018 година бруто исплатените штети бележат пораст од 0,16% (1К2018: 869,9 милиони денари), Друштвата за осигурување на живот исплатиле 87,2 милиони денари и во споредба со 1К2018 година е забележан пораст од 32,2% (1К2018: 59,1 милиони денари).

Во структурата на **каналите на продажба** кај неживотното осигурување, најголемо учество зазема директната продажба со 55,91%, потоа следи продажбата преку осигурително брокерски друштва со 24,88%, продажбата преку агенти- физички лица со 11,90%, продажба преку друштва за застапување во осигурување со 6,18%, банките со 0,64% и 0,49% преку останати дистрибутивни канали. Додека пак, во структурата на каналите на продажба кај осигурувањето на живот, најголемо учество заземаат

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

осигурително брокерски друштва со 36,60%, потоа следат банките со 26,59%, директната продажба со 18,21%, продажба преку друштва за застапување во осигурување со 11,28% и 7,31% продажба преку агенти-физички лица.

Согласно Законот за супервизија на осигурување, друштвата треба да ја одржуваат вредноста на капиталот барем во висина на **потребното ниво на маргината на солвентност**. На крајот на 1К2019 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 6,70 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,59 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,25 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 338 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,4 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-31.3.2018 година осигурителниот сектор оствари **добивка пред оданочување** во износ од 29,2 милиони денари (1К2018: 107,8 милиони денари). Кај друштвата за неживотно осигурување, 8 друштва остварија добивка во износ од 113,84 милиони денари, а додека пак 4 друштва оствари загуба во износ од 114,31 милиони денари, што резултираше со загуба пред оданочување од 475 илјади денари (1К2018: 80,7 милиони денари). Друштвата за осигурување на живот остварија добивка во износ од 29,74 милиони денари (1К2018: 27 милиони денари) и тоа 3 друштва остварија добивка од 33,30 милиони денари, а 2 друштва прикажа загуба во износ од 3,56 милиони денари.

**Вкупните вложувања** на друштвата за осигурување, кои произлегуваат од вложувања што ги покриваат техничките резерви, математичката резерва и капиталот, на крајот на 1К2019 година изнесуваат 17,22 милијарди денари, односно претставува пораст од 10,50% (1К2018: 15,58 милијарди денари).

Во делот на **заштита на интересите на осигурениците** во периодот од 1.1.2019 до 31.3.2019 година, до АСО се поднесени 30 претставки. Најголем дел или 50% од претставките се однесуваат во делот на автоодговорност.